## КЛАБИНГ ИНФО

Настан кој ќе го одбележи викендов во Скопје е концертот на еден од најважните белградски бендови авангардниот "Канда, Коџа и Небојша" в сабота во клубот **"Кастро"** во Скопје. Концертот стартува во 21.30 часот, а влезниците се по цена од 250 денари во претпродажба, и 300 денари на вратата на клубот, пред стартот на свирката. Како домашна поддршка ќе настапи реге-бендот "Конкверинг лајон" за промоција на нивниот деби-албум "Ај".

● ● ● ● ●

Втор концерт за викендов е настапот на "Фајтинг виндмилс" во **"Инди-паб"** в сабота, за промоција на нивниото ајпи "ФВ". Вечерта ќе почне во 22 ч., а први ќе настапат скопските бендови "Фонија" и "Стоп д пиџн". Настапот на "ФВ" е закажан за 23.30, а вечерта ќе продолжи со диџеј-сет на Мирко Попов. Новото ајпи на "Фајтинг виндмилс" наедно е и увертира за нивниот втор албум кој треба да се појави во втората половина на годинава. Цената на влезниците е 150 денари.



*"Фајтинг виндмилс"*

Во **Дом на млади во Штип,** утре во 22 ч. ќе настапат "Стринг форсис", за промоција на нивниот нов албум "Редуктио ад абсордум". "Стринг форсис" ќе одржат концерт и в недела во 22 ч. на музичкото радио "Канал 103" (може да се слуша на www.kanal103.com.mk).

● ● ● ● ●

Викендов во Скопје се најавени и две поголеми клупски журки. Првата е за еден од најпознатите транс-актови во светот - Израелците "Астрал проџекшн", кои ќе настапат во живо в сабота во **Метрополис арена на Саем.** Домашна поддршка им се "Диџитал денс" диџеите: Бушава Азбука, Навигатор и Сателајт. Почеток е 22 ч., цената на влезниците е 350 денари и можат да се набават во "Југотон".

Вториот настан е во клубот **"Колосеум"** за настапот на "Дрти Вегас", британско хаус трио со Греми награда зад себе. "Дрти Вегас" беа еден од највлијателните електронски состави на почетокот на деценијата, се расформираа во 2005, и повторно се реоформија во 2008. Настапот им е дел од повратничката турнеја и за најава на нивниот нов, трет албум. Почеток е 23 ч., а цената на влезниците 200 денари во претпродажба, 250 на врата до 1 ч. по полноќ, и 300 потоа.

● ● ● ● ●

Клупскиот викенд почнува со "Оф поп арт" забавата со Марчин и Јане, вечерва во **"Инди-паб"**. Давид Ангеловски и Ѓорѓи Јаневски вечерва се во **"Ла Кања"**, Гејмовер е во пабот **"Шенклис"**, "Чалгија саунд систем" ќе настапат во **Мала станица.** Во клубот **"Сектор 909"** вечерва е диџеј Гоце (САФ), утре Маци и Дени Трајков, а в недела кафулето **"Пабло"** слави 14-ти роденден, со диџеј-сетови на Гиза, Ксену и на Сканкс. Во кафе-барот **"Чакра"** вечерва "Пушти!" со Души, утре таму е Флудер (Полукс), а в недела асид џез и алунџ вечер. Виш.ко утре е во кафулето **"Чили",** Иан Штраф Кеврешан утре е во мезе-барот **"Сопотско".** В недела таму е "Плагиј.ат" вечер.

**i.iliev@vest.com.mk**

# Шаде на врвот од листата на албуми на "Билборд"




**ЊУЈОРК (АП) -** Армија обожаватели - повеќе од 500.000 - го поддржаа последното цеде на Шаде "Војник на љубовта", со што групата го доби првото број еден цеде по период од 20 години. "Војник на љубовта" се продаде во 501.665 копии во првата недела од издавањето, со што се искачи на врвот од листата на албуми на "Билборд 200", според "Нилсен СаундСкен". Цедето излезе по нивниот албум од 2000 година "Карпа на љубовниците", за кој тие добија Греми. Лидер на групата е 51-годишната Шаде Аду.

# Вања Лазарова со награда за животно дело на "Златна Буба мара"



Доајенот на македонската народна музика Вања Лазарова годинава ќе добие награда за животно дело на 13-тото издание на "Златна Буба мара на популарноста", што ќе се одржи на 25 февруари во Универзалната сала во Скопје. Шоуто почнува од 20 часот, со директен пренос на Радио "Буба мара", а снимка ќе се емитува на "Канал 5" телевизија следниот ден.

Билетите се продаваат на касата на Универзална сала по цена од 700 денари.

Од штабот на Буба мара, како и секоја година, не ги откриваат сценариото и гостите, бидејќи го сметаат за дел од формулата за успех на манифестацијата,. Годинава "Агенс" изработи статуети со нов дизајн, кои се со 24-каратна позлата.

# Тамара и "Шајн" во "Хард рок"



Вечерва во клубот "Хард рок" ар-ен-би журка ќе направат Тамара Тодевска и "Шајн". Журката ќе стартува на полноќ, а ќе трае до раните утрински часови. Настапот ќе биде во живо, а дел од оваа забава ќе биде и диџеј Чваре.

***(В.М.)***